Марија ТАШЕВА-ПОЦЕСКА

# ДЕФИНИЦИИ НА ЗАЕДНИЦАТА ВО АМЕРИКАНСКАТА СОЦИОЛОГИЈА

## Увод

Заедницата го окупира вниманието на социолошката наука низ целиот тек на нејзиното постоење. Интересот за неа станува посебно нагласен после излегување од печат на Тенисовото дело „Заедница и општество“. Во духот на концепцијата изложената во него заедницата понатаму најчесто се сфаќа како мала општествена групација или територијална единица (гратче или село) во која луѓето го проживуваат својот живот стапувајќи во интимни, пријателски, лице-во-лице односи со сите останати членови, во која нормите, вредностите и религиозните убедувања се единствени и општо прифатени од сите, каде сите имаат еднаков животни цели, каде уноформноста на животните активности води кон создавање на хомогена општествена целина.

Американската социологија, чии претставници скоро без исклучок ја вклучуваат заедницата во рамките на своите научни преокупации, во своите појдовни определби поаѓа од европските теоретичари. Многумина од нив ги проучуваат малите примитивни племенски општества пронаоѓајќи ги во нив истите типови односи преку кои Тенис ја определува својата заедница. Меѓутоа, други се обидуваат да ја определат заедницата на модерното општество, чиј најрепрезентативен примерок се самите Соединети Американски Држави, во кое процесите на индустријализацијата и урбанизацијата целосно ги имаат трансформирано односите на старото заедништво. Барајќи ја заедницата во новите агломерации на човековото живеење — големите градови и метрополи кои со својата големина комплексност на општествените односи и зависност од институтоциите на поширокатa општествена целина претставуваат негација на заедницата од стар тип тие се наоѓаат пред дилемата дали заедницата да ја прогласат за форма на човековото поврзување која се наоѓа во процес на нестанување[2] или пак за кате-

---

[1] F. Tonnies, Gemeinschaft und Gesellschaft, Leipzig, 1887.

[2] Maurice R. Stein, The Eclipse of Community: An interpretation of American Studies, Princeton University Press, 1960.

горија која е толку неминовна за реализацијата на заедничкото преживување што постои и ќе постои во сите периоди на времето и во секаков склоп на општествена организација[3]. Оние што се определуваат за вториот став се обидуваат да ја дефинираат на нов начин — поаѓајќи од белезите што таа ги стекнува во условите на индустриската цивилизација. Истовремено нивните настојувања се усмерени и на откривањето на нејзините динамички аспекти, односно разграничувањето на модалитетите низ кои поминала, низ кои се манифестира денес и оние што ќе ги стекне во процесот на својата трансформација во иднината. Тешкотиите на кои притоа наидуваат, а кои својот извор го имаат во сè понагласената комплексност на истражувачкиот објект, како и различните стојалишта што ги заземаат при обидите за нивното надминување, придонесуваат да се добие едно толку големо разнородие на дефиниции и динамички модели на заедницата, што обидот за нивното воопштување во еден единствен концепт се чини невозможно.

Голем број социолози се наоѓаат пред дилемата дали заедницата е реалност или пак претставува номинален концепт. Ако е реалност, тогаш дали при нејзиното определување да се појде од концепцијата што ја има социологот или луѓето што живеат во неа? Дебе[4], американски социолог кој ја истражува заедницата во Индија, како најголема тешкотија со која се соочил во текот на своето истражување ја наведува несовпадливоста на неговиот концепт за природата на општествената единица на која работи со концепциите на луѓето што живееле во неа. За него како Американец, заедницата била селото во кое живееле Индијанците, за нив таа била колекција од села, односно кастата на која секој член и припаѓак. Со истиот проблем се соочува и Хилери[5] при истражувањето на заедницата на Навајо Индијанците.

Мнозинството социолози на заедницата и припишуваат територијални белези, но притоа се соочуваат со проблемот на определувањето на големината на територијата што таа може да ја окупира. За Берт[6]· еден од претставниците на еколошката традиција во американската социологија таа е од територијата што ја зафаќа еден кварт, па сè до територијата на целата земјина топка. На социолозите кои заедницата ја определуваат како група на луѓе им се наметнува прашањето за границите на нивниот број и обемот на активностите што ги обавуваат. Одреден број активности членовите обавуваат во рамките на својата група, но со другите тие се упатени на други групи или пак широката општествена целина. Хилери како зедници ги определува нацијата, градовите, селата, соседството и семејсвото, групи коишто во животот на поединецот заземаат различно место. На не помали

[3] Robert Redfield, Human Nature and the Study of Society, Chicago, Univ. of Chicago Press, 1966.

[4] Dube S. C. Indian Village, Ithaca, New York, Cornell Univ. Presss, 1955

[5] Hillery George Jr., Selected Issues in Community Theory, Rual Sociology, 37, 4, Dec., 1972, str. 534—553.

[6] Wirth Luis, Urbanization as a Way of Life, American Journal of Sociology, 44 8, 9, 18, July 1938 i Wirth Luis, The Scope and Problems of the Community, Publication of American Sociaty, 27, 61, May, 1933.

проблеми наидуваат и многубројните претставници на психолошката ориентација во социолошката теорија кои заедницата ја сфаќаат како чувство, како колективен дух кој ги поврзува индивидуите од еден локалитет во духовно единство. Во условите на модерниот транспорт и комуникации духовната заедница не би могла да се поклопи со определена територија зашто вклучува индивидуи распространети на гоголема област, дури и на целата земјина топка. Во тој случај како заедници би се третирале само малите племенски општества или пак заедницата би ја изгубила својата територијална определба и би станала „заедница без блискост"[7].

Ако заедницата се сфати како огранизација, тогаш кои од енормниот број видови на организации би могле да го носат епитетот заедница? Во американската социологија се бројни дискусиите околу тоа кои сè организации претставуваат заедници. Хилери[8] ги дели организациите на високо институционализирани (нација, село, град, семејство) и ниско институционализирани (неформални групи, етнички групи, клики) застапувајќи став дела дел од оние што и припаѓаат на првата група можат да бидат третирани како заедници. Многумина наоѓаат дека организациите кои остваруваат специфични цели и чии членови своите потреби во голем обем ги задоволуваат во рамките на организацијата (како што се манастирите, затворите и менталните болници) можат да бидат третирани како заедници. Други, како Шнор[9] и Хилери, заклучуваат дека животот, дури и во потполност проживеан во ѕидовите на овие организации, не е ист како животот во заедниците кои се наоѓаат надвор од тие ѕидови. Затоа нив ги определуваат како тотални институции, сакајќи со тоа да ги разграничат од заедницата којашто ја сфаќаат доста пошироко.

Голем број социолози се сложуваат дека современата заедница може да биде идентификувана со територијалните населби — селото и градот, меѓутоа постојат големи разлики во нивните истражувачки интенции кои се усмерени кон населбата како еколошка категорија или пак како медиум во кој најизворно можат да се истражуваат феномените на општествената структура. Последните години истражувачките интереси сè повеќе се усмерени кон заедницата како центар на моќта. Од друга страна големи проблеми при разграничувањето на градската заедница создава нејзината комплексна структура. Градот може да се сфати како една единствена заедница. Но него го компонираат структурни елементи (како што се градскиот центар, придружните села) од кои секој претставува целина за себе. Но и самиот град може да претставува дел од метрополата и со маса врски да биде поврзан со нејзините институции. Ова ги наведува некои да го воведат терминот заедница во заедницата.

---

[7] Weber Melvin, Order in Diversity, Community withouth Propinquity, vo L. Wingo Jr. (ed.), Cities and Space, Baltimore, Johns Hopkins Press, 1963.

[8] Hilery George, Jr., Freedom and Social Organization, A Comparativ Analysis, American Sociological Rewiew, 36, 1971, str. 51—65.

Сепак, и покрај сите тешкотии на кои се наидува при дефинирањето на поимот на заедницата, таа продолжува да ги окупира со несмален интензитет интересите на американката социолошка јавност од простата причина „што луѓето живеат и нивното однесување е забележително под влијание на нивната близина. Живеењето во блиска физичка непосредност бара општествена структура и општествени функции преку кои ќе се остварува животот во локалитетот и ќе се задоволуваат барањата на луѓето. Преку живеењето во иста географска област, дури и во сегашните услови на брз транспорт, луѓето мораат да учествуваат во заедничките локални институции и сервиси. Тие имаат заеднички интерес во локалните училишта, продавници, извори на вработување, цркви и други институции и служби чија погодност за индивидуите во нивниот локалитет е дел на тоталниот примерок на американското општество"[9]

## ДЕФИНИЦИИ НА ЗАЕДНИЦАТА

Во современата американска социологија се правени повеќе обиди да се систематизираат различните толкувања на заедницата. Еден од првите е оној на Гилет (Gillete), кој анализирајќи ги различните дефиниции на заедницата доаѓа до заклучок дека во нив таа се толкува како општество, град, село или соседтсво. Холинсхед (Hollinschead) во својата класификација на дефинициите ги дели во три категории: 1) оние кои поаѓаат од групната солидарност на членовите, 2) од социогеографската структура и 3) од географската област. Мк Кленахан (Bessie Mc Clenaxan) успева да разграничи уште поголем број на приоди: 1) заедницата како општествена единица на локална територија, 2) како еколошка единица, 3) како правна, административна или политичка единица, 4) како еквивалент на општеството, 5) како идеална или ментална единица и 6) како процес.

Како најамбициозен би можел да се смета обидот на Хилери (George Hillery Jr.), кој поаѓајќи од 94 дефиниции, во својот напис: „Дефиниции на заедницата: Области на сложување"[10] настојува да ги извлече оние елементи за кои сите социолози се сложуваат дека се одредувачки за заедницата. Поврзувајќи ги многубројните елементи присутни во различните дефиниции, Хилери го извлекува заклучокот дека единственото позитивно совпаѓање во хетерогеноста е што „сите дефиниции имаат работа со луѓето".[11]

Сите анализирани дефиниции тој ги дели во две големи групи: а) генерички, кои се однесуваат на заедницата како концептуален термин и б) рурални, кои се однесуваат на посебен тип на заедници. И самиот свесен дека таквата класификација е логично-методолошки недо-

[9] Warren I Roland, The Community in America, Brandeis Univ., Rand. Mc Nally Co., Chicago, str. 9.

[10] Hillery G. Jr., Definitions of Community: Areas of Agreement, Rual Sociology, June, 1955, 20, 2, str. 111—124.

[11] Ibid. str. 123.

следна, тој напоменува дека таа има практична оправданост која произлегува од тоа што руралните дефиниции имаат свои специфичности поради кои не можат да бидат анализирани заедно со другите дефиниции.

Хилери ја дава оваа табела на дефинициите:

Класификација на избрани дефиниции на заедницата

| Разликувачки идеи или елементи споменати во дефинициите | | Автори |
|---|---|---|
| I Генеричка заедница | | |
| А. Општествена интеракција | | |
| I. Географска област | | |
| а) Самодоволност | 8 | Wilson, Hobhouse, Wheeler, Ginsberg, Sanderson, Zimmerman Pairchild, Davis, Landis, Hawley |
| б) Заеднички живот | 9 | Mac Iver, Page, Morse, Park, Burgess, Kinneman, Snedden, Mc Klenahan, Zorbough, Wirth, J. Bernard |
| Роднинство | 2 | Tönnies, Heberle |
| ц) Свест за видот | 7 | Jackson, Gillete, Brunner, Lindeman, Cook, Nelson, Anderson and Hill |
| д) Поседување на заеднички цели, норми, намери | 20 | Ward, Hieronimus, North, Dunn, Pirenke, Lundquist, Carver, Wood, Moore, Burr, Steiner, Worth, Ogburn i Neumeyr, Gettys, Ginsberg, Panuncio, Hottsomer, Dryer, Homans, Hiller, — Bennet, Tumin, Tillman |
| е) Колекција на институции | 2 | Park, Ogburn i Nimkoff |
| ф) Локална група | 5 | Galpin, Burgess, Rich, Sanders i Ensminger, Warker |
| г) Индивидуалност | 2 | Howe, Mc Kenzie |
| 2. Присуство на други карактеристики покрај областа | | |
| а) самодоволност | 1 | Butterfield |
| б) Заеднички живот | 3 | Small, Sims, Park |

| | | |
|---|---|---|
| ц) Свест за видот | 5 | Cooly, Coe, Diffendorf, He'port Hayes |
| д) Поседување на зааеднички, цели норми, намери | 5 | Russel, Pettit, Panuncio, Morgan, Ogden |
| 3. Општествен систем | 1 | Hill i Whiting |
| 4. Индивидуалност | 3 | Hart, Biao, Bews |
| 5. Тоталитет на ставоите | 1 | Fairchild |
| 6. Процес | 2 | Follet, Case |
| Б. Еколошки односи | 3 | Mc Kenzie, Hughes, Holinschead |
| А. Општествена интеракција | | |
| 1. Географска област | | |
| а) Самодоволно:т | 1 | Gillete |
| б) Заеднички живот | 3 | Handerson, Mc K'enahan, Sorokin, Zimmerman, Galpin |
| ц) Свест за видот | 3 | Thompson, Busminger, Smith |
| д) Поседување на заеднички цели, норми и намери | 3 | Burr, Lantis, Sanderson |
| 2. Локална група | 5 | Burr, Lantis, Sanderson, Wilson, Galpin, Voght, Kobb, Marshal |
| Вкупно дефиниции | 94[12] | |

Анализата на табелата води кон заклучокот дека независно од тоа што Хилери смета дека во современата заедница постои потполно отсуство на согласност во однос на концептот на заедницата, сепак можат да се одредат оние елементи коишто најголемиот број на социолози ги прифаќаат како конститутивни елементи на терминот. Сите дефиниции освен три, го споменуваат присуството на група на луѓе во општествената интеракција. Шеесет и девет, или три четвртини од нив вклучуваат три основни елементи — областа, заедничките врски и општествената интеракција.

Ако различните сфаќања на заедницата се анализираат од општиот теориски приод на нивните автори, а не од аспектот на посебните елементи што ги вклучуваат во себе, тогаш би могле да се разграничат неколку основни приоди кон концептот на заедницата: 1) еколошки, 2) од аспектот на теоријата на акцијата, 3) психолошки, 4) социолошки и 5) селско-градска концепција на заедницата. Поделбата е условна, зашто ретко која теорија за заедницата може да се подведе исклучиво под една од дадените групи. Теориите се групирани не по исклучивоста на својот став, туку по тоа на кои елементи од дефиницијата им се дава основен нагласок. Еколошките определби на зедницата кои ги застапуваат предимно претставниците на американската формална социологија, и даваат нагласок на географската средина во рамките на која

се остварува поврзувањето на луѓето во заедница, но тие секогаш, во поголем или помал обем ги истакнуваат и психолошките врски кои се развиваат меѓу луѓето од дадениот локалитет. Психолошките теории заедницата ја третират како духовен ентитет, но ги бараат просторните рамки во кои тој се реализира. За претставниците на теоријата на општествената акција заедницата претставува општествен систем или подсистем во кој сплетот на општествените улоги е така организиран што луѓето преку нивната реализација можат да ги задоволат своите секојдневни потреби. Социолошките концепции пак се обидуваат да ги интегрираат различните приоди во единствен концепт кој во себе ќе ги вклучува и елементот на географскиот локалитет и активноста на индивидуите и нивната психичка поврзаност. Теориите од последната група по својата општа теориска определба им припаѓаат на претходните четири. Она што взаемно ги поврзува во автентична група е нивната окупираност со динамичките аспекти на заедницата. Тоа се типолошки теории кои настојуваат да ги откријат модалитетите низ кои се манифестирала заедницата низ својот историски развој.

## а) ЕКОЛОШКИ ТЕОРИИ

Голем број автори при определувањето на поимот на заедницата поаѓаат од територијата како нејзино основно обележје. Еколошката традиција во теоријата на заедницата ја започнува Парк (Park) а ја продолжуваат останатите членови на Чикашката школа, на која во некои елементи и се приближуваат и други претставници на американската социологија од периодот меѓу двете светски војни, но и потоа. Во основата на нивниот став стои идејата дека најзначајната основа на заедништвото ја претставува запоседнувањето на одредена територија. По Парк „заедницата во најшироката смисла на зборот има просторност", „секоја заедница има локалитет и индивидуи кои претставуваат жители чие место на живеење е територијата која ја зафаќа заедницата"[13]. Сите психолошки и социолошки елементи на зедништвото — солидарноста, взаемните интереси, чувството за заедничката припадност на членовите и др. претставуваат функција на заедничкото живеење. Просторниот момент има определувачка улога во однос на севкупната општествена организација.

Во својата еколошка определба на заедницата Парк вклучува и елементи на биологизам. Во духот на Дарвиновата теорија тој ја дефинира како животна мрежа „која ја карактеризира: 1) населението, територијално организирано, 2) повеќе или помалку вкоренето на тлото што го зазема, и 3) неговите индивидуални единици живеат во односи на взаемна меѓузависност која е симбиотична"[14]. Во рамките на сим-

[12] Ibid. str. 123—124.

[13] Park, Sociology, Community and Society, vo Wilson Gee (Ed.), Research in the Social Sciencies, New York, Mc Milan, 1929, cit. po Smelser, Sociology, An Inthroduction John Wiley and Sons, Rew York, 1967, str. 85.

[14] Park, Human Communities, cit. po Coser, Mastres of Sociological Thoug ht Harcourt Brace Jovanovich, 1971, str. 363.

биотичната заедница индивидуите се вклучени во комплексна форма на натпреварувачка кооперација која води кон воспоставување на таков просторен поредок во кој секој индивидуален член го зазема местото што одговара на неговите лични можности. Во условите на натпреварот израснуваат два основни еколошки принципа: доминацијата и следењето.

Процесот на просторната распределба на жителите од градот, Парк ја посматра во аналогија со просторниот поредок на биолошките заедници — животински и растителни. ,,Принципот на доминацијата делува меѓу луѓето на ист начин како во шумските и животински заедници. Таканаречените природни или функционални области на метрополната заедница ја должат својата егзистенција директно на факторот на доминацијата и индиректно на натпреварот."[15] Она пак што ги разликува човечките од нечовечките заедници е моралниот поредок кој делува паралелно со еколошкиот поредок. Заедниците ,,ги сочинуваат индивидуи кои делуваат независно еден од друг, кој се натпреваруваат и борат еден со друг за самата егзистенција и еден со друг се третираат како средства за искористување. Од друга страна ... мажите и жените взаемно се поврзуваат преку чувствата и заедничките цели, тие градат традиции, амбиции и идеали од кои сите не се нивни сопствени и се придржуваат, наспроти природниот импулс на дисциплината и моралниот поредок кој им овозможува да го трансцендират она што обично го нарекуваме природа и преку својата колективна акција да го рекреират светот во сликата на нивните колективни аспирации и нивните заеднички желби. . .[16]

При анализата на Парковата концепција на заедницата треба да се има предвид дека таа е градена преку директната опсервација на односите меѓу луѓето во Чикаго од триесеттите години од овој век, кога тој го бележи својот најбурен раст, кога интензитетот на натпреварувачката борба за материјална егзистенција и општествена доминација не заостанува зад конкурентскиот натпревар во англиското либерално општество од XIX век во условите на кое Дарвин ја твори својата теорија за еволуцијата.

Некои претставници на еколошката школа се трудат да му дадат попрецизна одредба на поимот на заедницата отколку што таа го има во Парковите дефиниции. Тоа се чувствува во дефиницијата на заедницата што ја дава Bert (Wirth): ,,Територијалната основа, дистрибуцијата на човекот во просторот, институциите, активностите, блиското живеење заедно врз база на роднинството и органската зависност, и заедничкиот живот базиран на усната кореспонденција на интересите ја карактеризираат заедницата".[17] Други пак, своето внимание не го усмеруваат на градската заедница во целина туку на поодделни подрачја од неа. Во таа смисла кај претставниците на чикашката школа можат да

---

[15] Ibid., str. 364.
[16] Ibid. str. 363.
[17] Wirth luis, The Scope and Problems.. cit. po Smelsen sh. 85

се разграничат два основни просторни поима — поимот на градската зона и поимот на природните области.

Истражувањето на еколошката структура на градот Чикаго Барџеса го наведува на заклучокот дека таа може да се прикаже преку дијаграм со концентрични кругови, кои луѓето прогресивно ги усвојуваат движејќи се од центарот кон периферијата. Во центарот на градот се наоѓа деловната област, по неа доаѓа областа на сламови или транзитна зона во која се населуваат етничките малцинства и емигрантите пред да се обидат да се впуштат во борбата за општествен престиж. Надвор од оваа зона е зоната на работнички станови; по неа следи станбената зона на повисоките општествени слоеви и на периферијата е зоната на бунгалови. Кога луѓето од една област ќе стекнат повисок општествен статус тие се селат во соседната "о неа зона, отстапувајќи им го местото на оние што се движат зад нив по скалите на општествениот престиж.

Природните области на градот се помали од зоните. Секоја од нив покажува типичен за себе начин на користење на земјиштето, општествена активност, особености на луѓето итн. Настанати како резултат на движењето на општествените сили, природните области за чикашките социолози се значајни општествени единици кои стапуваат во мрежа на просторни и функционални односи со другите единици заедно со кои ја конституираат поширокага градска заедница. Повеќето од нив издаваат дела во кои ги анализираат системот на односи во различните природни области во Чикаго. Зорбоовиот (Zorbough) „Златен брег и сламот[18] претставува монографија на една таква субзаедница. Трешер (Tracher) во „Илјада момчешки банди во Чикаго"[19] исто така ги има за предмет на своето истражување чикашките природни области. Во своето дело тој поаѓа од убедувањето дека „постои тенденција кај човечкото однесување да ги рефлектира на еден или друг начин физичките особини на областа во која се случува. Човекот го живее својот живот близу до тлото и неопходно мора да ги поврзува своите активности со своето физичко миље"[20]. Овој став, чија валидност може да се потврди само ако миљето и неговите жители се посматраат низ контекстот на историјата, може да има сосема ограничено значење за условите на кои се однесува — градската заедница на модерниот свет.

Поновите застапници на еколошката школа не остапуваат од основните рамки на школата. Амос Хејли (Amos Hawley) така, ја дава оваа дефиниција: „Од просторно поаѓалиште заедницата може да биде дефинирана дека ја вклучува областа на населени жители коишто воспоставуваат взаемни односи и се интегрираат во поврзувањето при задоволувањето на дневните потреби, кога контактите се директни и индиректни.[21] Оваа дефиниција покрај елементот на територијалноста

---

[18] Zorbough Harvey, The Gold Coast and the Slum, Chicago, Univ. of Chicago Press., 1929.

[19] Trasher Frederic, One Thousend Boys Bands Gangs in Chicago, 1963.

[20] Ibid.

[21] Hawley Amos, Human Ecology, A Theory of Community Stru cture, New York, Ronald Press, 1950, str. 257.

го вклучува и елементот на временоста. Истовремено укажува на видот на односите коишто ги поврзуваат жителите. Меѓутоа, таа ги испушта од вид мноштвото елементи од општествено-економска, психолошка, културна и политичка природа кои ја прават заедницата интегративна целина.

При истражувањето на структурните и динамички елементи на заедницата Хејли не успева да се ослободи од био-органистичките премиси во кои попаѓа и Парк пред него. За него „заедницата често се поврзува со индивидуалниот организам. Взаемните релации меѓу нејзините делови се исто толку интимни и неопходни... така што било кое влијание почувствувано во еден дел скоро непосредно се пренесува наоколу. Понатаму, не само што заедницата е повеќе или помалку самозадоволувачка суштина, која ги има длабоко во себе принципите на својот основен животен процес, таа има исто така раст или природна историја со добро одредени стапки на младост, зрелост и старост. Така, таа е целина која е нешто различно од збирот на нејзините делови, поседувајќи сили и потенции кои не се присутни во ниту една од нејзините компоненти. Ако не е организам, тогаш таа е барем суперорганизам“[22]. За Хејли нагласувањето на човекот како културно суштество е предимензионирано.

Ставовите на Хејли понатаму ги развиваат Шнор (Shnore) и Данкан (Duncan Otis Dudley), видни претставници на неоеколошката школа. За нив еколошките процеси имаат четири основни елементи — населението, организацијата, економијата и технологијата, кои во своето единство го даваат екосистемот. Заедницата претставува екосистем кој „е сфатен во било кое време како рамнотежа меѓу агрегацијата на населението и неговата околина“[23], која се остварува со посредството на технологијата и општествената организација. За Данкан промената и развојот на заедницата се резултат на забрзаната стапка на технолошката акумулација и интензификацијата на експлоатацијата на околината, демографските промени и организациската револуција.[24] За Шнор „заедницата е локално население кое е зависно од дневната основа, која носи високо генерализирани серии на активности во и преку комплексот на институциите кои ја обезбедуваат ден-за ден основата, полна серија од добра и служби потребни за нејзиниот континуиет како општествена и економска суштина.“[25]

Кога зборува за заедницата Шнор ги има предвид територијалните заедници — градот и селото, во кои човекот го поминува поголемиот дел од својот живот, ја реализира заработувачката и ги обавува секојдневните активности. Тој и посветува посебно внимание на нејзината внатрешна организација, која ги вклучува семејствата и дома-

---

[22] Ibid. str. 50.

[23] Duncan Otis D. Social Organization and Ecosystem, vo Robert Faris (Ed.), Handbook of Modern Sociology, Chicago, 1964, str. 75

[24] Ibid.

[25] Shnore Leo, Community, vo Smelser Neil, (Ed.), Sociology, An Inthroduction John Wiley and Sons, New York, 1967, str. 95.

ќинствата, економските организации ангажирани во производството на материјалните добра, масата единици од јавен карактер (државни установи, училишта, црква итн.), голем број формални и неформални асоцијации. Со широкиот дијапазон на интересирања тој се обидува да излезе надвор од едностраноста на еколошкиот приод, но во крајна инстанца останува врзан за својата примарна еколошка определба.

## б) ТЕОРИИТЕ НА АКЦИЈАТА И ЗАЕДНИЦАТА

Претставниците на теоријата на акцијата заедницата ја истражуваат од аспектот на дејностите што индивидуите ги вршат во неа. Мак Ајвер (Mac Iver), еден од првите и највлијателни американски социолози, заедницата ја дефинира како „општествена единица чии членови ја познаваат за заедничка потребата и значењето на поддржувањето на меѓусебните активности во животот"[26]. Големината на единицата, чии членови ја поседуваат оваа свест, може да биде различна. Заедницата тој ја согледува низ повеќе форми: како род, нација, село, град, соседство.

Поаѓајќи од Мак Ајвер, Сетон (Sutton) и Колаја (Kolaja) заедницаа ја дефинираат како „број на семејства кои живеат во релативно мала област во која тие развиваат повеќе или помалку комплетна социокултурна определеност проникната со колективна идентификација и со настојувањата да ги решат проблемите кои произлегуваат од учеството во областа."[27] Заедницата ја сочинуваат сите интеракции кои израснуваат и ги отелотворуваат напорите на многу или скоро сите личности и групи да ги обликуваат основните одлуки и услови, донесувајќи решенија за проблемите кои произлегуваат од заедничктата употреба на областа.[28] Таа е „онаа единица на општествената организација или структура која настанува кога интеракцијата меѓу индивидуите станува доволно регулирана или примеркувана"[29]. Тие укажуваат на четири основни варијабили при проучувањето на заедници: 1) бројот на индивидуите, 2) свесноста на акцијата, 3) целесообразноста на акцијата и 4) приемачите на акцијата.

Системот на социјанлата акција кај Парнонс исто така е базиран на четири видови варијабли (patern variables), сфатени како континууми со две поларни спротивности кои ги изразуваат дилемите со кои се соочуваат актерите при изборот на алтернативите во секоја општествена ситуација. Овие варијабли се:

1) Афективноста наспроти афективната неутралност, односно дали се очекува непосредно самонаградување или неговото одлагање.

---

[26] Mac Iver, Community, London, Macmilan, 1917, cit. po Smelser, str. 84.

[27] Sutton and Kolaja, The concept of Community, Rual Sociology, 25, 1960, str. 197.

[28] Ibid.

[29] Sutton and Kolaja, Elements of Community Action, Social Forces 38, 1960, str. 198.

2) Специфичноста наспроти дифузноста: дали степенот на односот е тесен, како меѓу бирократот и неговиот клиент или широк и инклиузивен како меѓу мајката и нејзиното дете, или меѓу сопружниците.

3) Универзализмот наспроти партикуларизмот, кога акцијата е управувана преку генерализирани стандарди (еднакви можности) или со термините на шема на препораки, која поаѓа од личните особини на учесниците во акцијата.

4) Квалитетот наспроти достигнувањето, или припишувањето наспроти исполнувањето, кога крактеризацијата на секој актер од другите е базирана на она што личноста е или што може да стори.

Заедницата може да вклучува партикуларизам и пропишување, како и дифузност и афективност во условите на примитиноста, каде родниинството игра голема улога и каде секој го познава секого. Во развиените индустриски општества, пак, се јавуваат спротивните варијабили — универзалноста и постигнувањето, специфичноста и афективната неутралност. Всушност, во конкретните општества се јавуваат различни мешавини од двата комплекса на варијабили кои варираат меѓу двата екстрема.

Овие варијабили Парсонс ги применува во сите форми на општествената акција, употребата во истражувањето на заедницата е само мал дел од нивната општа апликабилност. Варијабилите се категории на општествената акција кои немаат локално обележје. Парсонс малку зборува за заедницата како локален систем, неговото внимание е свртено пред сè кон општеството како тоталитет.

Сјоберг (Gideon Sjoberg) се обидува на парсонсовата општествена акција да и даде територијална определеност. Тој ја дава оваа дефиниција на заедницата: „Заедницата е колективност на актери кои делуваат во ограничена територијална област, која претставува основа за вршење на најголемиот дел од нивните дневни активности"[30]. Взаемното делување на индивидуите се остварува во границите на локалниот институционален комплекс, кој обезбедува широк избор на основни служби, но кој не ги задоволува неопходно сите животни потреби на индивидуите. Сјоберговата заедница не е неопходно самозадоволувачка единица.

Подоцна Парсонс повторно се враќа на прашањето на заедницата. Наоѓајќи дека сфаќањата на научниците по овој проблем се движат во две насоки, едната која го усмерува своето внимание на населението и другата на територијата, тој сака да ја определи својата позиција како средишна. Неговата дефиниција гласи: „оној аспект на струквурата на социјалните ситеми кој е погоден за територијална локација на личностите, т.е. човечките иднивидуи како организми и нивните активности."[31] Тој ја истакнува територијалната определба како централна, но додава дека секогаш се соочуваме со личности кои делуваат на терито-

---

[30] Sjiberg Gideon, Community, vo Gould and Kolb, Ðictionary of Sociology, London, Tavistok Publication,s 1965, str. 115.

[31] Talkot Parsons, The Principal Structures of Community, vo Process and Status in Modern Societies, str. 250.

ријата, кои стапуваат во определени општествени односи. Така, населението е „исто толку фокус на студиите на заедницата колку што е териоријалната локација."[32]

## в) ПСИХОЛОШКИ ТЕОРИИ

Низа претставници нц амекрканската мисла при определувањето на поимот на заедницата укажуваат на примарното значење на психичките елементи — афектите, желбите, интересите, моралните чувства, кои ги поврзуваат членовите во единствена духовна заедница. Сложувајќи се со фактот дека за постоењето на заедницата се значајни односите од дејствена природа, тие сепак го нагласуваат поголемото значење на нефункционалните односи како што се роднинските односи. спиритуалните вредности, задоволството од кариерата или учеството во општите активности на заедницата. За Хага (Villiam Haga) и Фоулс (Clinton Folse) „онсовата на идентификацијата со заедницата лежи во подрачјето на индивидуалното сознание на афективната и симболичка средина"[33]. Споредувајќи повеќе градови со различна големина тие наоѓаат дека она што постојано е присутно во нив е нивото на афективните односи.

Кенет Вилкинсон (Keneth Wilkinson)[34] заедницата ја опишува како посебен вид на симболичка средина која настојува да го оформи човековото по начие за видот на неговите општествени односи. Во идентификацијата со заедницата тој гледа фактор кој го унапредува човековиот самоконцепт. Џорџ Мид (George Mead)[35] исто така укажува на идентитетот како на инструментален процес кој ги поврзува индивидуите во општеството. Идентификацијата со заедницата е процес преку кој индивидуата се лоцира себе си во тоталната сфера на општествените односи.

Мелвин Вебер, (Melvin Weber), го поставува прашаењто за вземниот однос меѓу територијалниот принцип и духовното заедништво и доаѓа до заклучок дека во условите на модерниот транспорт и комуникации кога индивидуите од една страна се лесно подвижни, а од друга можат взаемно да се поврзуваат преку средствата на модерните комуникациски системи, тие неминовно не се поклопуваат. Тој ја критикува одредбата на заедницата како просторно ограничена општесвена суштина, развивајќи ја концепцијата на „заедницата без блискост", нова форма на заедницата која ја прави остварлива „синдирот на технолошкиот развој кој ја овозможува проструната сепарација на народот со блиски релации". По него современите американски граѓани реално

---

[32] Ibid., str. 250.

[33] William Haga and Clinton Folse, Trade Paterns and Community Identity, Rural Sociology, 197 Vol 36, March, 2, str. 42—45.

[34] Keneth Wilkinson, Identification with Community, State College, Mkssisipi State College, 1963.

[35] George Mead, Mind, Self and Society, Chicago, Univ. of Chicago Press, 1934.

живеат во многу заедници. Во денешно време тие повеќе не им припаѓаат на просторните заедници на кои биле ограничени нивните предтци. Тие повеќе им припаѓаат на различните интересни заедници, во кои нивните интереси се базирани на работните активности, слободното време, општествените односи или интелектуалните преокупации. „Членовите на интересната заедница во општеството на слободната комуникација бараат да не бидат просторно концентрирани (освен можеби во почетните степени на интересната заедница) зашто тие веќе се слободни да делуваат меѓусебно со секој друг, каде и да е тој лоциран“.[36]

Морис Стејн (Maurice Stain) во своето дело „Затемнување на заедницата“ изложува модел на заедница во која луѓето се поврзани со односи од примарен тип. Поаѓајќи од масата истражувања на градската заедница во Америка спроведени во текот на дваесеттите и триесеттите години до овој век, посебно од Линдовите „Mildletown“ и „Midd'etown in Transition“[37] и Ворнеровиот „Yankee City“[38], Стејн доаѓа од заклучок дека трите основни процеси на модерното општество — процесите на урбанизацијата, индустријализацијата и бирократизацијата имаат негативно влијание врз заедницата. По него „како што урбанизацијата се продолжува, така индивидиите (во Middletown) го губат своето чувство за целосната заедница... Стариот систем на општествената организација (во Yankee City) со локалните економски, полтички и општествени позиции е прекинат во регуларното сврстување, откако народот во сите позиции на локалната хиерархија се најдува себе зависен од екстра-локалното влијание. Истовремено доаѓа до сериозно отстапување на чувството на припадноста кон заедничкиот потфат, било тоа да е фабрика за чевли или самиот град. Старото чувство на солидарност, базирано на чувството дека секој во градот и припаѓа на заедничката заедница им го отвора патот на подзаедниците со непри јателско чувство кон секого... Класите во Yankee City, порано обединети учесници во општиот систем на заедницата сега се конфорнтирани секој со секого. „Трите студии по наоѓањето на Стејн покажуваат дека современата заедница станува со забрзано темпо се повеќе зависна во сите области на животот од централизирани агенции и авторитети. Од друга страна, со сукцесивното слабеење на националните, регионалните и семејните врски доаѓа до слабеење и на личните лојалности како и на односите кои водат кон градењето на кохерентниот самоконцепт. Предградието е толку привлечно зашто го обелоденува „затемнувањето“ на заедницата во еден од нејзините накцрни моменти. „Трите процеси на урабаизацијата, индустријализацијата и бирократизацијата ги прекинуваат комплексите на примарногрупните односи и доведуваат до

---

[36] Melvin Weber, Order in Diversity, Community Withouth Propinquity, vo Vingo (Ed.), Cities and Space, Baltimore, John Hopcins Press, 1963, str. 23.

[37] Robert and Helen Lynd, Middletovn, A Study of Contemporary American Culture, New York, Harcour Brace, 1929. i Middletown in Transition, A Study of Cultural Conflicte, New York, Harcourt Braca, 1937.

[38] Lloyd Warner, Tankee City, ICI YcII, YCIII, YCIV, YCV, (1942—1959).

затемнување на заедницата"[39]. Стејн под заедница пред сè, ја подразбира градската заедница и со право му се забележува дека не ја сфатил правилно улогата на процесот на урганизацијата. Дон Мартиндејл истакнува дека ако Стејн под терминот заедница ги вбројува градовите, тогаш урбанизацијата која претставува екстензија на градските примероци би било пологично да се смета за посебен вид на формација на заедницата отколку за нејзина деструкција.[40]

## г) СОЦИОЛЛОШКИ ТЕОРИИ

Согледувајќи ги едностраностите на еколошкиот приод кој нагласокот го става на територијалниот белег на заедницата, како и на психолошките теории кои укажуваат на заедницата како на психолошки феномен, низа автори прават обиди во своите дефиниции на заедницата да вклучат повеќе елементи. По нив заедницата не може да биде потполно објаснета со поимите на просторот и населението. Нејзин составен дел се и институциите и вредностите. Институциите го определуваат начинот на животот, нивото на партиципацијата на индивидуите во заедничките функции преку кои се обезбедува преживвањето. Институционалниот систем пак е во блиска корлеација со постојниот вредносен систем.

Повеќето научници кои ја дефинираат заедницата како тоталитет на животни активности се бават со антрополошки истражувања на малите примитивни племенски заедници кои сè уште му одолеваат на притисокот на западната цивилизација. Обидите и современата градска заедница во Америја да се истражи од аспектот на тоталноста на нејзиниот внатрешен живот се базирани на методолшките поставки на анртопологијата.

Брачниот пар Роберт и Хелен Линд (Robert i Helen Lynd) во средината на дваесеттите години од овој век спроведуваат истражување на една мала граска заедница на Американскиот Среден Запад со намера да ги истражат религозните активности на нејзиното население. Притоа доаѓаат до заклучок дека тие можат правилно да се протолку ваат само ако се проучуваат во контекстот на тоталитетот на животните активности. А „сите активности во овој американски град можат да се подведат под една или друга од шест основни активности — живеењето, создавањето дом, воспитувањето на младите, користењето на слободното време преку различни форми на игри, вештини и др., ангажианоста во религиозните активности, ангажираноста во активностите на заедницата"[41]. Десет години подоцна, во 1935 год., тие спроведуваат

---

[39] Maurice Stain, The Eclipse of Community, Princeton U. S., Princeton Univ Press, 1960, str. 65, 90—93, 107.

[40] Don Martindale, The Formation and Destruction of Communities, vo Zollschan and Hirch, Explorations in Sociial Change, Routledge, London, 1964, str. 66.

[41] Robert and Helen Lynd, Middletown: A Study of Contemporary American Culture, Harcourt Brace, 1929, str. 4—5.

уште едно истражување во истото гратче со цел да ги проучат промените кои во него ги предизвикала големата економска криза.[42]

Во Middletown и уште повеќе во Midd'etown in Transition Линддови се презентираат како научници чиј истражувачки интерес проникнува во широката скала на дејностите на жителите на американската градска заедница. Тие се обидуваат да ја анализираат класната структура на населението и општата подвоеност која произлегува од неа, структурата на моќта која во текот на својата динамика води кон концентрирање на политичката моќ во рацете на моќно малцинство и кон слабеење на придобивките на демократијата, градската култура која во својата малограѓанска вчауреност не е во состојба да ја сфати критичката ситуација во која се наоѓа светот пред Втората светска војна. Нивните дела претставуваат трајна инспирација за индите истражувачи на америјанската заедница.

Во духот на Линдови низа научници се обидуваат на заедницата да и дадат поширока социолошка определба во која ќе бидат надминати едностраностите на еколошкиот и психолошкиот приод. Така Мерсер Блејн (Mercer Blaine), додавајќи и ја на територијалната ознака псиохолоката димензија, ја нуди следната дефиниција: „Човечката заедница е функционално поврзан агрегат на луѓе кои живеат на одреден географски локалитет, во одредено време, учествуваат во заедничката култура, претставуваат дел од општествената структура и манифестираат свест за своето единство и посебен интегритет како група".[43] По мислењето на Шнор[44] оваа дефиниција повеќе ги покренува проблемите отколку што ги решава, зашто емпириските истражувања покажуваат дека свеста за единството во условите на модерниот живот е далеку од било какво единство. Неговите емпириски истражувања покажале дека жителите ја сфаќаат заедницата на рзличен начин и различно ги определуваат нејзините граници.

Поаѓајќи од разлучоците до кои доаѓа Хилери во својата аализа на дефинициите на заедницта, Сесман (Molvin Sussman) ја дава озаа дефиниција: „Заедницата постои кога интеракцијата меѓу нидивидуите има за цел задоволвање на индивидуалните потреби и извршување на групните цели ... ограничената географска област е другата особина на заедницата ... Особините на општествената интеракција, структурите за задоволување на физичките, општествеите и психолошките потреби и ограничената област се основни во дефиницијата на заедницата".[45] Употребата на оваа дефиниција по оценката на некои социолози е ограничена, затоа што е тешко да се утврди спецификацијата на инди видуалните и групни цели во заедницата[46].

---

[42] Robert and Helen Lynd, Middletown in Transition, A Study in Cultural Conflicts, New York, Harcour Brace, 1937.

[43] Mercer Blaine, The American Community, New York, Random House, 1956 str. 27.

[44] Leo Shnore, vo Smelser, cit. delo, str. 86.

[45] Melvin Sussman (Ed.), Community, Structure and Analysis, New York, Crowel, 1959, str. 1—2.

[46] C. Bell and H. Newby, Community Studies, George Allen, London str. 29—30

Определени сличности со Сесмановата дефиниција има Комфановиот (Harold Kaufman )[47] концепт на заедницата. Тој укажува на фактот дека централизацијата, специјализацијата и растот на безличните односи доведуваат до пропаѓање на заедницата. Таа по него е место (релативно мало)... таа ја условува конфигурацијата на начинот на животот во смисла на она што индивидуите треба да го прават и што сакаат да прават... т.е. нивните институции и нивните колективни цели. Личностите од заедницата не само што се способни, туку повремено и делуваат заедно во правецот на општиот интерес на животот. Кофмановиот модел на заедница вклучува три основни елементи: учесници во заедницата, групи и асоцијации во неа и фази и процеси на општествената акција. Првите два елемента се содржани веќе во Сесмановата дефиниција, додека со вклучването на третиот елемент тој и се приближува на теоријата на општествената акција.

Роланд Ворен (Roland Waren) прави значаен обид да ги критикува старите концепции на заедницата и да даде едно ново толкување кое поаѓа од дистрибуцијата на моќта во неа. По него во постарите определби терминот заедница вклучува истовремено нешто психолошко и географско. Психолошки таа вклучува удел на интереси, карактеристики или асоцијалции кои најадекватно можат да бидат изразени преку термините „заедница на интереси“ или „бизнис заедница“. Географски таа означува специфична област во која блискоста меѓу луѓето е од физичка природа. Социолошки терминот ги комбинира обете значења. Тој се однесува на различните интереси, примероци на ондесување кое го практикуваат луѓето под влијание на заедничкиот локалитет.[48] Отфрлајќи ги и трите концепти, Ворен нуди своја дефиниција, која впрочем не е многу различна од претходните: „Ние ќе ја разгледуваме заедницата како комбинација на општествеите единици и системи кои поседуваатјќи одговарачки локалитет ги извршуваат мноштвото од општествените функции ... под заедница подразбираме организација на општествените активности кои го овозможуваат дневниот локален пристап кон оние широки области на активности кои се потребни во секојдневното живеење.“[49]

Во статијата „Кон еден неутописки нормативен модел на заедницата“[50] Ворен ја разгледува заедницата од аспектот на нејзината структура на моќта, поставвајќи ја хипотезата дека со растот на автономијата на заедницата во однос на надворешниот свет станува потесна основата на нејзината моќ, односно таа станува помалку демократска, но во исто време поспособна да ги рзрешува своите проблеми. До истата

---

[47] Harold Kaufman, Toward an Interactional Conception of Community, Social Forces, 38, 1959, str. 9—10.

[8] Roland Waren, The Community in America, Chicago, Raud Mc Waley Co.,e 1963, str. 6.

[49] Ibid.

[50] Roland Waren, Toward a Non-utopian Normativ Model of the Community American Sociological Rewiew, Vol. 35, 2, 1970, 219—228.

констатција доаѓа и Хилери[51] по кого дисциплинираното делување на членовите од заедницата ја зголемува нејзината способност, но ја стеснува основата на незјината моќ, ја прави помалку декомратска.

Обид да се даде определба на заедницата во која се вклучени белезите на територијата, внатрешната структура, духовната поврзаност на учесиците во неа и нормативниот поредок на кој му се покоруваат, наоѓаме во дефиницијата на Џеси Бернар (Jessie Bernard) изложена во Интернационалата енциклопедија на Оштествените науки: „Заедницата е територијата на еден ограничен општествен систем или комплекс на взаемно поврзани или интегрирани оптесвени системи (економски, политички, религиозни, етнички, образовен, правен, социјализирачки, репродукционен итн.) кој им служи на жителите плус материјалната култура или физичкото поле на кое делува субсистемот. Концептот на зедницата не вклучува такви карактеристики како што се хармонијата, љубовта, взаемните чувства или интимности, кои некогаш носталгично му се припишуваат на стариот прединустриски модел, но вклчува минимум согласност. Нормативната структура е наследена од минатото или од самосвесното институционализирање на секој субсистем и конформизмот со негвите барања е обично доволен да гарантира дека ќе се исполнат гореспоменатите функции".[52] Идеален тип на заедница по Бернар е онаа во која: 1) физичкото поле е во добра состојба, 2) народот е со добро физичко и психичко здравје, способен да делува барем на минимално ниво на корисноста, 3) посои барем толерантна мерка помеѓу потребите на заедницата и функционалните субсистеми кои и служат, 4) постои согласност во респектирањето на нормите, така што секој знае што треба да очекува од другиот и не постои конфуција и 5) овие очекувања се исполнуваат.

И покрај големиот број на елементи кои ги вклучва оваа дефиниција, тешко би могло да се рече дека таа дава прецизна слика на она што би требало да биде заедницата Познато е дека заедницата не се идентифицира со општото општесвто, таа е ограничен општествен систем, но во однос на границите на тој систем не се дава никаква попрецизна определба. Дали територијата на коа се протегнува моќта на комплексот на взаемно поврзаните субсистеми го зафаќа градот, градот со неговата селска околина или метроплата со сите населбени комплекси упатени на неа, не е јасно разграничено. Можеби би могло да му се даде право на Шнор[53], кој анализирајќи го големиот број различни сфаќања на заедницата заклучува дека и соврмените автори, како и постарите, малку придонесуваат да се сфати феноменот на заедницата.

---

[51] George Hillery, Jr., Selected Issues in Community Thoery, Rural Sociology, Vol. 37, Dec., 1972, 4, str. 534—553.

[52] Jessie Bernard, vo International Encyclopediaof the Social Sciencies, Vol. 3, str. 163.

[53] Leo Shnore, vo Smelser (Ed.), cit. delo, str. 93.

## д) РУРАЛНО-УРБАНА КОНЦЕПЦИЈА НА ЗАЕДНИЦА

Руражно-урбаниот концепт на заедницата, во кој таа е третирана како тип или варијабила на еден континуум со повеќе или помалку јасно разграничени членови, во својата основа поаѓа од Тенисовото класично учење. Во неговата основа стои ставот дека општествениот развој е следен со промена на типот на заедниците кои преминуваат од поедноставни во поразвиени форми. Уште Зимерман (Carle Zimmer man) и Сорокин (Pytyrim Sorokin) во своите „Принципи на Руралноурбаната социологија"[54] ја применуваат дихотоманата класификација на заедниците — на рурални и урбани, поаѓајќи од низа критериуми: 1) разлики во знаимањето кај двата типа, 2) разлики во средината, 3) разлики во големината на заедницата, 4) разлики во густината на населението, 5) разлики во хомогеноста и хетерогеноста на населението (во смсила на социо-психолошките карактеристики — јазик, верувања, однесување), 6) разлики во општествената мобилност, 7) разлики во смерот на миграциите, 8) разлики во општествената дфиренцијација, 9) разлики во системот на интеграцијата. „Основен критериум на селското општество или население е занимањето, собирањето на храна и одгледувањето на полиња и животни. Покрај тоа селското општество се разликува од другото, односно градското, чие население е ангажирано во различни занимања . . . Тоа е првиот и основен критериум во диференцијацијата меѓу селските и другите, односно градските заедници. Од ова следи серија на други диференцијации меѓу селските и градски заедници, мноштвото од кои се поврзани причински со основната разлика во занимањето"[55].

Сорокин и Зимерман не се придржуваат строго кон дихотомната класификација. „Преминот од чиста селска заедница кон градска во реалноста . . . не станува одеднаш туку постепено од отворена фарма, преку мала населба на земјоделци, заселок со лесно мешање со малку луѓе кои не се земјоделци, село, мало гратче, кон сè поголемите и по големи гратчиња и градови. Секој степен е придружен со пропорционален пад на земјоделското население и раст на пропорцијата на луѓето ангажирани во други дејности надвор од земјоделството. Не постои апослутна гранична линија која би покажала јасно просечен процеп меѓу селската и градската зааедница. Согласно со тоа, многуте различни карактеристики на селските и градски заедници би постоеле не толку како особини кои се присутни во селските а одустни во градските заедници, отколку како квантитативен пораст или опаѓање на овие карактеристики . . . "[56]

Верт (Luis Wirth) и Редфилд (Robert Redfield), поаѓајќи од концепциите на Чикашката школа, посебно Парк, ги анализраат општествените феномени од аспектот на селскиот и градски начин на живот.

---

[54] Sorokin and Zimmerman, Principles of Rural-Urban Sociology, New York, Holt, 1929.

[55] Ibid., Cit. po Smelser, cit. delo, str. 101—105.

[56] Ibid.

Верт го концентрира своето внимание на градот бавејќи се малку со селото, додека Редфилд селското општество и облиците кои му претходат, ги рави основен објект на своите преокупации.

Редфилд во „Примитивно општство"[57], го осликува примитивното (фолк) општество како мало, изолирано, неписмено и хомогено, со строго чувство за групна солидарност. Начинот на животот во него е конвенционлизиран во кохерентен систем кого тој го нарекува „култура". Однесувањето е трдиционално, спонтано, некритично, без обиди за експериментирање, без поставување на интелектуални цели. Овој концепт на примитивното општество има идеално-типско зачење, „создаден е само затоа што преку него може да се разбере реалноста." Примитивното општество е сместено на едниот крај на континуумот. Тоа ја претставува првата форма на општествената заедница. Секое ново општество вдолж континуумот перманентно ги губи карактеристиките на зедницата. Тоа е мало општество кое со наголемувањето на бројот на жителите сè повеќе добива карактеристики на градско општество. Истото се случува и со другите карактеристики. Колку повеќе ја губи својата изолираност, колку повеќе интимните односи биваат заменувани со формални, колку се помногубројни миграциите, колку повеќе хетерогеноста ја заменува хомогеноста, толку општеството повеќе се приближува кон другиот крај на континуумот, претставен со градското општество. Основната теза на Редфилд, која сака да ја потврди низ своите истражувања на четири заедници во Јукатан, Мексико, кои се движат од чист примитивен кон развиен градски тип е да покаже дека губитокот на изолацијата, придружен со раст на хетерогеноста, доведува до општествена дисорганизација, секуларизација и индивидуализација.

Јозеф Гусфилд (Joseph Gusfield)[58] укажува на грешните претпоставки на кои се базира Редфилдовиот континуум, документирајќи ги своите ставови со податоците од истражувањето што го спровел во Индија. По него не е точна претпоставката дека примитивното општество отсекогаш постои во формата што ја има денес, дека неговото минато претставува непроменлива ситуација. Исто така го смета за погрешно мислењето дека тоа има хомогена општествена структура. Покрај тоа, по него не е неопходно старото општество да биде заменето со ново — градско. Тие можат да коегзистираат, взаемно прилагодувајќи се едното на другото. Појавата на урбаната култура не значи слабеење на примитивната култура, гаа може дури да ја засили.

Разликата помеѓу селската и градска заедница Верт ја гледа во степенот на нивната големина, хетерогеност и густина. Во својот славен есеј „Урбанизацијата како начин на живот"[59] тој ја дава следната

---

[57] Robert Redfield, The Folk Society, vo R. Redfield, Human Nature and the Study of Society, Chicago, Univ. of Chicago Press, 1962, str. 231—254.

[58] Joseph Gusfiled, Tradition and Modernity, Misplased Polarities in the Study of Social Change, American Journal of Sociology, 72, 4, 1967, str. 351—363.

[59] Luis Wirth, Urbanism as a way of Life, American Journal of Sociology, 44, 8, 9, July, 1938.

дефиниција на градската заедница: „За социолошки потреби градот може да биде дефиниран како релативно голема, густа и трајна населеност на хетерогени индивидууи. Центрлниот проблем на социолозите на градот е да се откријат формите на општествената акција и организација која преминува типично во релативно трајна, компактна населба на голем број хетерогени индивидуи ... Врз основата на трите варијабили: бројот, густината и степенот на хомогеноста на градското население станува можно објаснувањето на карактеристиките на градскиот живот и мерењето на разликите меѓу градовите со различна големина и типови. "Развојот на градот е придружен со појавата на светскиот поредок, со раскинувањето со моралното уредување во областа на секојдневната егзистенција и со раст на секундарно-групните односи и контрола. За Верт, урбанизмот како начин на живот вклучува флуидна и мобилна егзистенција.

Алберт Рејс (Albert Reiss), како и Верт, своето внимание го концентрира на градската заедница која е резултат на процеост на урбанизацијата. Она што по него го карактеризира градот е а) комплексот на поделбата на трудот и различната структура на занимањата што претставува значајна основа на системот на општествената стратификација, б) високата територијална и општествена мобилност, в) големата функционална зависност на населението, г) личната автономија во взаемните лични контакти и сегментација на општествените улоги и улогите на интеракцијата, д) индиректни форми на општествена контрола, ѓ) нормативна девијација.[60] На Рајса му се забележува дека во својот поглед на градот ги меша карактеристиките на индивиуалното однесување (како што се автономијата и девијацијата) со карактеристиките на организираниот општествен систем (пр. комплексот на поделбата на трудот и функционалната зависност).

Руралножурбаната типологија во нешто модифицран вид ја користи и Ненси Гонзалес (Nencio Gonsales) при определувањето на типовите на заедниците во Западните Кариби. Таа го употребува терминот „неотерично општество", истакнувајќи дека тоа го сече попреку рурално-урбаниот и примитивно-урбаниот континуум. Бариосите, гратчиња од колиби, кои ги обиколуваат големите градови во Западна Индија и Латинска Америка ги наслеуваат жители кои по нејзиното наоѓање не можат да се сметаат ниту за примитивни, ниту за селани. Традиционалниот начин на однесување кај нив е или отсутен или доста површен.

Најзначајните карактеристики на неотеричките општества по Гонзалес се: измешано етнико потекло на населението, релативно сиромаштво, отвореност, световност, лице-во-лице интерперсонални односи, незаинтереианост за светот околу нив, доминација на мајчинската линија во роднинскиот систем. „Би била грешка", истакнува таа, „во градот кој е бариос да се бараат селските организациски општествени

[60] Albert Reiss, Urbanism, vo Julius Gould and William Kolb (Eds.) A Dictionary of the Social Sciencies, New York, The Free Press, 1965, str. 738—739.

паралели. Она што го гледаме би могле да бидат нови типови на општествена органицција, кои во својата надворешност се слични на селските, но кои структурално и функционлно се сосема различни, посебно во термините на нивните односи кон повисоките нивои на интеграцијата".[61]

Сјоберг[62], во својот функционалистички концепт на општествениот развој, кој од најраната примитивна форма преминува во општествена, исто така ја користи рурално-урбаната типологија. Градот и селото за него се конститутивен елемент на идеално-типското феудално општество, кое го карактеризира статична и строга духовна ориентација. Тоа се разликува од примитивниот тип со поголемата хетерогеност и ориентацијата кон трговијата. Основен елемент на неговата хетерогеност е малата наследна градска елита, која ја спроведува контролата над политичките, воени и религиозни институции, преку кои го остварува односот меѓу градот и селото. Во феудалното општество (прединдустриското општество) градот има доминантна улога во однос на селото. Оваа доминација расте во текот на општествениот развој и станува најманифестна во индустриското оштаество, во кое во одредени земји доаѓа до постепено губење на елементот на селското.

Еверет Роџерс (Everet Rogers)[63], социолог со изразито еколокши приод кон проблемот на општествената заедница, ја поддржува континуелната класификација на заедницата, наоѓајќи, дека селото и градот од дихотомијата се само ексреми меѓу кои можат да се распределат различните вариетети кои се сретнуваат во реалноста. Неговата континуелна скала на заедниците од Соединетите Држави е прикажана во табелата бр. 1. Сите заедници од континуумот по него покажуваат некои сличности: сите ги имаат основните групи — семејството и соседството, сите покажуваат иста еколошка шема во која влегуваат два основна

Табела бр 1

| Чист руален тип | | | | | | | Чист урбан тип |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Руално соседство | Земјоделско село | Мало гратче | Рурално урбана прстенеста населба | Субурбана заедница | Мал град | Метрополен град |

[61] Nencie Gonsales, The Neoetric Society, Comparative Studis in Sociology and History, 12, 1970, str. 13.

[62] Gideon Sjoberg, The Urban Dimenzion in Preindustrial, Transitional and Industrial Societes, vo Robert Faris (Ed.), Handbook of Modern Sociology, Raud Mc Waly and, Co., Chicago, 1964

[63] Everet Rogers, Social Change in Rural Society, A Textbook in Rural Sociology Appleton-Century-Croffs Inc., New York, 1960, str. 133—138.

елемента — центарот и околото поле. Секаде луѓето кои живеат во околните области зависат од центарот во кој се сместени комуналните сервиси (училишта, продавници, цркви итн.). Местсто на секоја посебна заедница во континуумот зависи од три основни елементи: 1) бројот на населението, 2) густината на населението во заедницата и 3) степенот до кој членовите од заедницата ги имаат прифатено селските или градски норми.

Поаѓајќи од еколошката организација на селата Роџерс разликува три основни типа на селски заедници: 1) дифузна земјоделска заедница, составена од центар во кој се сместени мноштвото од комуналните служби и поле, на кое се распрснати фармите каде што живеат фармериге со своите семејства. Тие патуваат во центарот за да ги обават своите комунални сервиси. 2) Кластер село, кога фармерите живеат во селто а патуваат на своите фарми само за да ја обработуваат земјата и да ја соберат летината. 3) Линиско село, кога куќите се распоредени вдолж автопатот, бреговите на реките или езерата.

Рурално-урбаната конепција ја применува и Ентони Ричмонд (Enthony Richmond),[6] кој континуумот го пополнува со постиндустриската заедница. Особеностите на секој тип од континуумот се дадени низ следната табела:

Табела бр 2

| | Традиционален | Индустриски | Постиндустриски |
|---|---|---|---|
| Форма на организација | Gemmeinschaft | Gesellschaft | |
| Типичен начин на интеракција | заедници | асоцијации | општествени мрежи |
| Основен модел на прозиводство | земјоделски | механички | автоматски |
| Систем на стратификација | квази феудален | класен | меритократски |
| Основен начин на комуникација | орален | пишуван | електронски |
| Тип на транспорт | коњ, едро | рурално-урбан | меѓуградски |
| Тип на миграција | присилен (push) | слободен (pul) | обостран двосмерен |
| Модел на миграција на мигрантите | асимилација изолација | плуралистички | активна мобилизација |

П стиндустриската заедница е сфатена како комплекс на општествени системи меѓу кои интеракцијата се остварува преку средства кои се резултат на високо развената технологија (телефон, телевизор, телепринтер, млазен авион и др.). Односите во неа не се зависни од тери-

[64] Antohny Richmond, Migration in Industrial Cocieties, vo J. A. Jakson (Ed.), Migration, London, Canarige U. P., 1969, str. 272.

торијалната основа, од лице-во-лице контактите, ниту вклучувааат партиципација во формални организации. Однесувањето е управувано преку информационен механизам со висока ефикасност и повратни процеси базирани на дифузна мрежа на взаемно зависни комуникациски системи. Сите општества кои се јавуваат во текот на општетвениот развој по Ричмонд поседуваат одредена подвижност која перманентно се зголемува, така што постиндустриското општество е потполно мобилно.

Лео Шнор и Отис Данкан исто така ја применуваат рурално-урбаната класификација, давајќи му нешто поголема предност на континуумот отколку на дихотомојата. Разликите помеѓу различните заедници по Шнор толку варираат што е тешко да се постави остра граница меѓу оние што се рурални и урбани. „Заениците се степенуваат по големината од мали до големи, тие варираат во густината од ниска до висока, тие се протегнуваат од вистински хомогени до високо хетерогени. Можат да се поставаат само арбитрарни граници помеѓу она што ќе го посматраме како „рурално" или „урбано".[65] Големото мноштво разлики меѓу заедниците го прават поразумно решението да се прифати континуумот, во кој „руралното" и „урбаното" би биле поларни типови. Инаку, по Шнор во современиот свет не постси остра и апсолутна граница помеѓу формите на зедницата и би било залудно таа да се најде. Сепак, основниот концепт на рурално и урбано останува корисен, зашто тој укажува на разликите помеѓу заедниците кои се премногу големи за да бидат игнорирани.

Блискости со рурално-рубаната концепција има еволутивната типологија на заедниците на Голдшмит (Goldschmith). Во делото „Човековиот пат: предговор за разбирање на човековото општество"[66] ја дава следната еволутивна типологија која поаѓа од еволутивните стапки на човештњото:

Табела бр. 3




[65] Leo Shnore, The Rural-Urban Variable: An Urbanitee's Perspective, Rural Sociology, 31, 2, 1966, str. 135.

[66] Goldshcmidth M., Man's way: A Preface to the Understending of Human Society, New York, Holt, Rinetart and Wineton, 1959, vo Robert Faris, Handbook of Modern Sociology, Raud Mc Waly, Comp., Chicago, 1964, str. 51—54.

Повисоките чекори од оваа еволутивна скала временски се појавуваат подоцна како нонови стапки на еволутивниот развој кои меѓутоа често егзистираат истовремено со пониските општества. Од временскиот редослед исклучок прави племенскосточарското општество кое претставува регрес кон попрост начин на живот на некои заедници чие население претходно се бавело со земјоделство.

Еволутивниот развој за Голдшмит е функција на прилагодувањето на промените на средината и на технолошкиот развој. Технлогијата е прогресивна и кумулативна, секој корисен пронајдок еднаш направен и усвоен се задржува во општеството и понатаму се стреми да ја прошири сферата на можностите за идни пронајдоци. Технолошкиот напредок влијае позитивно врз зголемувањето на популацијата и на тој начин ги зголемува и ефективните членови способни преку својот креативен учинок понатаму да ја унапредуваат. Како основен елемент на општествените чекори технолошкиот развој влијае врз сите форми на општествените случувања — групната структура статусните системи, диференцијацијата на улогите, авторитетниот систем, идеологијата. „Било каква да е природата на општеството општествените императиви продолжуваат. Но примерокот во кој тие делуваат варира и оваа варијација е зависна во голема мера од карактерот на технологијата и големината на територијата на која се простира населението. Затоа институциите на општеството претставуваат еволутивни промени.“[67]

Подоцна Голдшмит ја модифицира својата типологија, давајќи нова шема на општествените еволутивни чекори која поаѓа од три основни атрибути: постојната технологија, формата на локалите територијални единици и примерокот на политичката интеграција. Трите атрибути по него покажуваат големо взаемно влијание, нивната меѓусебна корелација се манифестира низ голем број на можни комбинации, од што резултираат масата на вариетети низ кои се пројавува секоја еволутивна стапка.

Новата еволутивна скала Голдшмит ја прикажува низ оваа табела:

Табела бр 4[68]

| Локална територојална единица | Политичка структура | Прифатена технологија | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Лов, собирање | Хортикултура Агрикултура | Занаечиство индустрија |
| *Номадски* | | | | |
| Орда | Орда | A | | |
| Племенска дружина | Племе | B | C | |
| *Седечки* | | | | |
| Племенско село | Племе | | D | E |
| Земјоделско село | држава | | | |
| Градска заедница | држава | | F | |

[67] Ibid. str. 52.
[68] Ibid, str. 180.

Својата континуелна типологија, која го претставува курсот на општата еволуција, Голдшмит се стреми да ја базира на документираната историја на познатите општества. Неговата основна цел е да ја потврди хипотезата дека растот на општествата се одива од попрости кон покомплексни форми.

Како што се гледа, рурално-урбаната класификација е широко прифатена меѓу современите истражувачи на заедницата. Од нејзините две варијатни — дихотомијата и континуелната скала — поголемиот број социолози како поприфатлива ја оценуваат втората. Дури и оние кои ја прифаќаат дихотомијата се сложуваат дека во реалноста се сретнуваат толку голем број на различни форми на заедници, што нивната класификација е само условна.

Независно од тоа дали селото и градот се земаат како единствени типови или како два основни екстрема меѓу мноштвото подтипови, во сите клсификации тие се сфатени на сличен начин. Селото се опишува како мала, ретко населена населба чие население се бави предимно со земјоделство. Тоа е хомогено и во однос на својата општествена структура и во однос на културата. Во прикажувањето на внаемните односи меѓу селските жители најголемиот број истражувачи поаѓа до Тенисоиот „gemeinschaft“. Меѓу селаните постојат интимни, лице-во-лице односи исполнети со взаемни разбирање и помагање. Семејството, роднинството и соседството се основните општествени групи преку кои се остварува општествената контрола. Културниот систем е примитивен, селското население е неписмено или малку писмено. Основно значење овде има традицијата, религиозниот поглед доминира над световниот.

Градот пак, се посматра како релтавино голема, густо населена населба на општествено хетерогени жители. Роднинските, семејните и соседските врски во него се сосема ослабнати. Основата на општествените односи ја сочинуваат безличноста, површноста, анонимноста, преодноста. Градот е центар на прогресот, науката, подобриот живот, сè што е надежно за човештвото. Но истовремено тој е локалитет на колиби, беда, криминал, сите видови на општествена дисорганизација.

И покрај големата распространетост на рурално-урбаната концепција, постојат научници кои ја доведуваат во прашање нејзината погодност и научна валидност. Еден од нејзините најголеми критичари Оскар Луис (Oscar Lewis), чија критика е непосредно усмерена против Редифилдовата примитивно-урбана концепција, но посредно против концепцијата во целина. Спроведувајќи истражување во гратчето Теплоцан, Мексико, повеќе години по Редфилдовото истражување спроведено во истото гратче, Луис доаѓа до заклучок дека примитивно-урбаниот континуум не е погоден теориски модел за истражување на културните промени во заедницата. Подоцните истражувања на животот на жителите на Теплоцан кои мигрирале во Мексико го зајакнуваат ова негово убедување. „Секој од термините примитивен, селски и градски вклучува широка скала на феномени со комплексни варијабили кои треба грижливо да бидат сортирани, поредени, анализирани и мо-

жеби редефинирани ако сакаме да поставиме занајчни причински односи меѓу нив. Секој од овие термини вклучува релативно високо ниво на аспирации со кои се настојува да се карактеризираат тоталните општества или големи сегменти од нив. Иако таквите карактеристики се атрактивни поради нивната едноставност и можеби корисни во разгледувањето на големите стадиуми или типови на општествената еволуција, тие создаваат конфузија во проучувањето на кратковременските промени и нивната хеуристична вредност како истражувачки орудија никогаш не е докажана.“[69]

Тој им дава предност на оние класификации во кои членовите не се третирани како идеални типови, туку како реални општества. Теориската шема по неговото наоѓање би морала да ги покаже бројните нивои на општествениот развој до растост на градовите. „инаку постојат необјаснети и изненадни прекини во постулираната еволутивна следственост од примитивноста до урбаното“.[70] Процесите на еволуцијата по него многу подобро и поуспешно можат да се сознаат преку истражувањето на релативно краткотрајните следствени модификации кај посебните аспекти на институциите на двата типа на општества, примитивното и урбаното, отколку преку глобалните компарации меѓу едното и другото.

Досегашните истражувања го убедуваат Луиса дека предурбаните општества биле „способни да ја развијат класната стратификација, разгранетото свештенство, ривалството меѓу статусите и многу други феномени кои имплицитно и еднострано му се припишуваат на растот на градовите во примитивно-урбаната концепција на општествената промена“[71]. Тој укажува на истражувањата спроведени меѓу рибарски и ловечки племиња, како што се Kwakiitl Индијанците, кај кои се откриени елементи на класна стратификација, ропство и војна, кои се сметани за несовпадливи со примитивниот начин на живот.

По неговата констатација низа научници ја прифаќаат примитивно-урбаната дихотомија, затоа што своите истражувања ги спроведуваат во релативно едногамни општества. Мексичките заеници кои ги истражува Редфилд се суштествено едногамни, такви се и селеските заедници на кси ги базираат своите ставови Тенис и Диркем. „Ако овие луѓе го спровеле своето истражување меѓу Нуер од Африка, меѓу Австралиските домородци или Северноамериканските Индијанци . . . тогаш е сосема можно нивниот модел на идеалниот тип на селското општество дека би бил сосема различен“.[72]

Луис не ја прифаќа ниту тезата дека во селото доминираат примарните односи додека во градот секундарните. По неговото наоѓање и двата типа на односи се присутни и кај едниот и кај другиот тип.

---

[69] Oscar Lewis, The Folk-Urban Types, vo Houser and Shnore (Eds.) Study of Urbanization, John Wiley and Sons, New York, 1965, str. 491.
[70] Ibid. str. 493.
[71] Ibid. str. 494.
[72] Ibid, str. 494.

Психолошката улога на примарните односи ја смета за еднакво значајна во градот како и во селото, и уште повеќе, во градот тие понекогаш можат да бидат подлабоки по својата природа.

Она што по Луис градот го прави различен од селото е „што тој обезбедува барем потенцијално широка скала на алтернативи за индивидуите во сите аспекти на живеењето, од колку што се обезбедуваат во неурбаните области во дадена нација или тотално општество во дадено време. Урбанизмот и урбанизацијата ја вклучуваат предноста што ја создава широката скала на сервиси и алтернативи во смисла на типови на работа, живеалишта, храна, облека, образовни институции, медицински услуги, облици на патување, слободни организации, типови на луѓе и т.н.“[73] Меѓутоа, урбанизацијата има две страни, „едната е сумата и варијететот на сервиси и друго што може да се најде во градот а другата екстензијата до која жителите од различните делови на градот можат да ги користат тие сервиси“. Населението од многу делови на градот има многу помалку алтернативи во облекувањето, храната и сл. поради традиционалните етнички санкции или поради економската ситуација, отколку она од другите делови. Голем дел од градската маса има ниско ниво на писменост и образование, не им припаѓа на синдикатите, не учествува во бенефициите на општетвениот систем на осигурување, малку ги користи музеите, уметничките галерии, банки, болници, стоковни куќи и сл. „Овие луѓе живеат во градовите, секако голем дел од нив се родени во градот, но тие не се високо урбанизирани. Од овој аспект погледнато, бедниот од сите градови на светот е помалку урбанизиран, значи помалку космополит од колку што е богатиот... Културата на бедата е паривнциска, локално ориентирана култура, како во градот така и во селото“.[74]

Дефиницијата на градот која поаѓа од бројот, густината, перманентноста на населеноста и хетерогеноста на населението, по Луис, може да послужи само како работна дефиниција. За да се објасни што се случува во градот потребен е комплекс од додатни варијабили со посебна насоченост, како што се стабилноста на жителството, примерокот на населувањето, типовите на станови, бројот на собите по семејство, концептот на сопственоста итн.

Независно од тоа што во борбата против стариот, идеализиран поглед на селото, кај што тоа е прикажано како јатка во која се негуваат вистинските човечки вредности, Луис често ги запоставува вистинските позитивности на селскиот живот, неговото повикување за ревидирање на старите ставови и уште повеќе, неговото укажување на доминцијата на класните разлики над оние што ги создава територијалноста, претставуваат значаен обид да и се пријде на заедницата од современ аспект, ослободен од предрасудите на минатото.

---

[73] Ibid. str. 498.

[74] Ibid. str. 500.

По Луис, и Мајнер (Horace Minner)[75] ја критикува рурално-урбаната концепција, главно од аспектот на корисноста на нејзината континуелна варијанта. Тој го истражува Томбуктоо, африкански град кој бил голем комерцијален центар долго пред доаѓањето на Европејците во него. Имајќи го како основна цел откривањето на елементите на дисорганизација, секуларизација и имперсонализација, Мајнер покажува дека редфилдовите урбани карактеристики можат да се најдат и во незападните, неиндустриски градови. Тој открил присуство на проституција, зеленаштво, кражби меѓу жителите од градот. Но истовремено открива дека животот е сосема сличен на примитивниот во внатрешноста на секоја од етничките групации, чие урбано однесување било ограничено на односите со другите групации. За разлика од западните градови, Мајнер го оценува Тимбуктоо како мешавина од примитивни и урбани карактеристики.

Филип Хаузер (Philiph Hauser) исто така спроведува една анализа чија цел е да ја докаже применливоста на идеално типската конструкција во метрополите на ниско развиените земји. Тој го бара присуството на карактеристиките кои по Верт се одлики на градот и присуството или отсуството на карактеристиките на Редфилдовото примитивно општество во низа азиски градови (Рангун, Бангкок, Џакарта, Калкута). Анализата покажала дека овие градови во гоголем степен ги имаат карактеристиките кои му се припишуваат на идеалниот фолк тип отколку оние на идеалниот урбан тип. За Хаузер примитивно-урбаната и рурално-урбаната дихотомија можат да се сметаат за идеално-типски конструкции кои се продукт на западните писатели. „Во извесна смисла овие идеално-типски конструкции претставуваат мешавина на спектулативните напори на XIX век за постинување на глобална генерализација и напорите на дваесеттиот век за интеграција на знаењето поради општите образовни цели, како резултат на што често интеграцијата се постигнува и кај она што сè уште не е познато“.[76] Тој не ги отфрла идеалните типови како истражувачки метод, само укажува на потребата општествениот поредок да се запознае подлабоко во целата негова разноликост, кко би могла да се конструира идеална типологија која би била „покорисна од оние кои сега се користат како пролегомена кон емпириски базираните генерализации“.[77]

*

Различните приоди кон проблемот на заедницата, наведени овде, не ги вклучуваат сите обиди за нејзиното дефинирање. Некои социолози го прифаќаат економскиот приод, односно заедницата ја идентифи-

[75] Horace Minner, Community—Society Continua, vo International Enciclopedia of the Social Sciencies, Vol. 3, str. 157—180.

[76] Philiph Hauser, Observations on the Urbanization and Urban-Rural Dihotomies as Forms of Western Ethnocentrism, vo Hauser and Shnore (eds.), The Study of Urbanization, str. 513—514.

[77] Ibid., str. 514.

цираат со територијата на која жителите ги набавуваат стоките кои им се неопходни во секојдневната егзистенција. Еден од приврзаниците на така тесниот економизам е Галпин (Galpin)[78], кој заедницата ја определува со провизорните граници во кои се остварува трговијата на мало. Неговата идеја подоцна ја разработуваат низа научници, главно од германско потекло, чии учења се познати под називот теории на централното место[79].

Доста е проширено и мислењето дека заедницата претставува организација сфатена во биолошка или социолошка смисла. За Хилери[80] заедницата како организација вклучува три основни особини: просторот, кооперацијата и семејството. Комуналната организација за него е систем на институции формирани од луѓето кои живеат заедно. По оценката на други социолози, заедницата не е организација туку форма на социолошко истражување, пат на „грубо присобирање на општествени и психолошки факти",[81] односно таа е посебен емпириски метод во социологијата. Истражувањето на заедницата за Арсенберг и Кимбал е пример на емпириската индуктивна традиција, тоа вклучува модели креирани од „самите сирови податоци, како знаење за нивната взаемна поврзаност и процесите кои произлегуваат од фактите добиени од опсервацијата"[82].

Сите овие сфаќања повеќе укажуваат на неспособноста на современата американска социологија да заземе прецизен став по однос на проблемот на заедницата, од колку што помогнуваат да се дојде до адекватно решение. Можеби проблемите искрснуваат најмногу од тоа што најголемиот број социолози на современата заедница и приоѓаат од аспектите на заедницата каква што се сретнува во историското минато која денес е инцеидентна во одредени предели од светот. Дури и оние кои ја сфаќаат како парцијален општествен систем, како локална заедница која со низа врски е поврзана со глобалното општество, многу често во неа ги бараат елементите на Тенисовата gemmeinschaft заедница.

Сепак општиот преглед на споменатите теории води кон заклучокот дека во современата американска социологија доминира ставот дека во современите услови заедницата претставува парцијален општествен систем кој се простира на ограничена територија и кој се јавува во повеќе модалитети од кои најтипични се селото и градот. Голем број емпириски истражувања спроведени во Америка, поаѓајќи од овој став како основни единици во својот примерок ги земаат населбите од различен вид. Така Бенсман и Видич го истражуваат малото гратче

---

[78] Galpin Ch., The Socioal Anathomy of the Agricultural Community, Madison, Wischansin Agricultural Experiment Station Researh Bulletin, 34, 1925.

[79] Christaler Walter, The Central Places of Southern Germany, Englewood Clifs, New Jersy, Prentice Hall, 1966.

[80] G. Hillery, Communal Organizations: A Study of Local Socilties, Chicago, Univ. of Chicago Press, 1969.

[81] Arsenberg and Kimball, Community and Culture, New York, Harcourt Brace and World, 1967, str. 30.

[82] Ibid. str. 8.

зафатено од процесите на општествената динамика карактеристични за тоталното американско општество.[83] Ворнер е окупиран со проблемите на општата општествена структура која по него во потполност може да се проучи во просечната градска заедница. Низата еколошки студии ја истражуваат градската заедница од аспектот на територијалната сегрегација на населението и неговата локална подвижност. Ганс[84] ги студира субурбаните населби сакајќи да покаже дека и тие претставуваат целини за себе, посебни локални заедници. Линдови меѓу првите ја истражуваат просечната градска заедница, усмерувајќи го своето внимание на целиот комплекс на процеси кои се остваруваат во неа и кои ја прават интегрална целина.

## ЗАКЛУЧОК

При воопштениот преглед на теориите на заедницата можеби би требало да се започне со анализата на односот заедница — општество. Во учењето на Тенис, на кој се надоврзуваат најголемиот број учења од оваа област, заедницата претставува посебен вид на општество. Таа е глобална општествена група која се сретнува на пониските стапки од општествениот развој и која ја карактеризираат вид на односи базирани на човековата афективна природа. Таа е мала, самозадоволувачка група со примитивна технологија, со мал број на институции, со хомогена култура. Затоа постои можност нејзината организација да се оствари на многу поедноставен начин отколку што тоа е можно подоцна, во условите на понапреднатиот општествен развој. Моралниот кодекс, со строго пропишани правила кои го вклучуваат тоталитетот на животните манаифестации, дополнет со религиозните прописи, исто така строги и пропишувачки, споредувани и контролирани од страна на семејството и црквата (најзначајните институции на заедницата) успешно ја обавуваат задачата на одржувањето и интегритетот на групата.

Во текот на времето, и покрај силното делување на традицијата, со зголемувањето на бројот на луѓето и со развојот на технологијата заедницата постепено се менува преку измената на односите во нејзините основни институции, добивајќи карактеристики на општество. Во него рационалните односи и даваат основен белег на организацијата. Општествената структура добива на комплексноста, бројот на институциите се зголемува а со тоа и животот на луѓето се реализира во различни животни сфери меѓу кои не мора да постои потполна совпадливост. Настанокот на општеството значи губиток на заедницата, но сепак, со неговата појава таа не престанува да постои. За Тенис заедницата и општеството не се само глобални општествени системи, тие се и вид на односи кои, во колку се доминантни, им даваат основна

[83] Bensman A. cnd Vidich J. Small Town in a Mass Sociaety, Class, Power and Religion in a Rural Community, Princeton Unive. Press, 1958.

[84] Gans, N. R., Urban Villigers, New York, The Fres Press, 1962.

обоеност на локалните системи. Градот и селото во современото општество се јавуваат како замена за глобалните примитивни и развиени општества. Селото, со својата малост, која обезбедува блискост и непосредност во контактите, со семејство кое сè уште ги има функциите што му припаѓаат во примитивната заедница, со едноставна технологија и еднородна економија, со жители воспитувани по принципите на старата традиционална култура се јавува како инкарнација на примитивната заедница. Градот пак, со големиот број жители доселени преку миграциите од различни културни средини, со различни видови на индустрија, со голема поделба на трудот и диференцијација на занимањата, со луѓе кои имаат различен степен на образование, исповедат различни религии, на различен начин го користат своето слободно време, со формални институции кои единствено можат да го обават процесот на вкупната организација — се јавува како микрокозам на општеството.

Отсуството на разликата меѓу заедницата како глобален општествен систем и заедницата како територијална група во која доминираат односите типични за примитивната заедница е видливо и кај Редфилд. Неговото примитивно општество е самозадоволувачки систем во кој индивидуите ги реализираат во потполност сите свои животни активности и ги задоволуваат своите потреби на начин кој го определува културниот систем. Формите на заедницата кои се јавуваат во текот на еволуцијата, следена со територијално раселување на населението се идентификираат со различните видови на населби. Селото и градот се сфатени како парцијални општествени системи, заедници кои го изгубиле принципот на самодоволноста, чија култура не е потполна и независна од културите на другите заедници, кои остваруваат односи од различна природа со елементите на поширокото општество кое претставува нов тоталитет, нова самозадоволувчка суштина со своја култура која е „голема" култура за разлика од „малата" култура на територијалните заедници. Но Редфилд зборува за селото како заедница и за селското општество во кое е доминантен селскиот начин на живот, потоа за градот како вид на зедница и градското општество чија глобална култура ја претпоставува воопштената култура на градот.

Кај поголемиот број на социолози заедницата се поврзува со комплексот на интеррелации кои го овозможуваат територијалното живеење, трајното престојување на населението на ограничен локалитет. За многумина, примитивните племиња со мигрирачки начин на живеење, со егзистенција базирана на ловот и собирачкото стопанисување не претставуваат заедници во вистинската смисла на зборот. Заедницата се јавува тогаш кога луѓето подолго време се задржуваат на одредена територија, кога ја развиваат технологијата до тој степен што е можна поголема концентрација на население на одреден локалитет. Дефинирана преку ограничената територија на која живее населението, заедницата претставува парцијален општествен систем, дел од поширокото општество, кое го сочинува збирот на територијални заедници взаемно поврзани со мрежа на односи од најразлична природа.

За многу социолози бројот на населението и неговата концентрација се оние елементи кои ја определуваат внатрешната природа на заедницата. Општествениот систем во кој егзистира, со степенот на својот технолошки развој и пропратниот глобален културен систем ги одредува општите рамки на нејзината физиономија. Но бројот на населението е она што влијае на видот на односите кои се воспоставуваат меѓу индивидуите, преку кои тие взаемно се поврзуваат делувајќи како интегрирана целина. Во малата заедница, селото, можни се блиски меѓусебни односи. Бидејќи таа е обично земјоделска, со слабо извиена поделба на трудот, со мал број на институции кои би ги поврзале луѓето, односите од психолошка природа имаат основна улога во нивното поврзување. Во поголемите пак заедници, градовите, каде на релативно мала територија се концентрира голема маса на население, се изградуваат нови механизми на општественото поврзување зашто старите повеќе не се во состојба успешно да ја реализираат својата улога. Тоа се механизмите на кои укажува Диркем при презентирањето на сликата на општеството во кое владее органска солидарност. Поделбата на трудот го поврзува населението на економски план, политичките организации на политички, образовните институции на културен, а масата неформални асоцијации го интегрираат во одреден обем на полето на активностите кои се обавуваат во слободното време.

Но во американската средина, во која доминираат теориите со психолошка ориентација, при анализата на заедницата во неа се бараат, пред сè, односите од психолошка природа, таа се сфаќа како психолошка заедница. Ова инсистирање на „примарно-типските", интимни, лице-во-лице односи меѓу членовите од современата заедница води кон депресивниот заклучок дека во условите на брзиот индустриски развој и процесите на урбанизацијата таа „потемнува"[85], или пак до ставот дека ја губи територијалноста и станува „заедница без блискост"[86]. Односите од афективна природа се апсолутизираат, им се дава значење на крајни определби на заедницата, со тоа нивното исчезнување се толкува како исчезнување на заедницата во целина.

До песимистички заклучок доаѓаат и низа социолози кои на заедницата и приоѓаат од еколошки аспект. Претставниците на Чикашката школа, живеејќи во времето кое го одликува економска нестабилност (големата криза) следена со мерки кои со својата неадекватност (прохибицијата) уште повеќе ја потенцираат општата економска и општествена конфузија, во својата анализа на животот во големата градска заедница, поголемо внимание им посветуваат на формите на општествената дисорганизација отколку на елементите на градскиот живот кој градот го прават примамливо место за живеење. Окупирани, пред сè, со светот на подземјето, со животот во квартовите во кои се засолнуваат оние кои не успеале да го следат текот на општествениот развој и пропаднале во борбата за поволен општествен статус, тие го запоста-

[85] Mauvice Stein, cit. delo.
[86] Melvin Webber, cit. delo.

вуваат сè она што е позитивно во градскиот живот. Од друга страна барајќи ги во големата градска заедница лементите на животот типичен за малата заедница, а наоѓајќи огромен број на структурни елементи од чија крајно диференцирана дејност тешко може да се долови сликата на општествената целовитост, тие доаѓаат до заклучокот дека „во условите на сè поголемата поделба на трудот, кога секоја област од градот станува поразлична и пооддалечена од другите, еконосмката и културна сегрегација на населението се поизраити, исчезнуваат и последните остатоци на заедницата".[87]

Согледан од заедницата, градот е место на аномии, дегенерации, психолошки трауми, деструкција на вредностите кои човекот ги почитува како и на него самиот како човечко битие. Но тоа е само едната од страните на градот, апстрахирана и дадена на преден план. Прибирајќи го поголемиот дел од населението во развиените земји, со тенденции на неуспорен раст, градот е сегашност и иднина на човештвото. Тој е место кон кое се усмерени човековите аспирации и истовремено место на неговото нужно живеалиште. Тој е локалитетот во кој се реализираат најголемиот број од процесите кои го карактеризираат општествениот развој, седиште на техничкиот прогрес, медиум во кој се гради науката, место каде што се воспитува човекот подготвувајќи се за животот ослободен од традиционалните бариери.

Локалната заедница претставува микрокозам во кој се остваруваат дејностите карактеристични за целото општество, на начин кој е во согласност со општата стапка на развојот на даденото општество. Таа е дел од неговата економска политичка, културна организација. Како таква има големо методолошко значење, зашто дадената состојба на општеството и насоките кон кои се движи општествениот развој овде се подостапни на набљудувањето и полесни за следење отколку во контекстот на општеството како тоталитет.

Како дел на општеството, во современата локална заедница се манифестираат истите противречности што се типични за општеството во целина. Градот е центар на класните спротивности, тој го вклучува во себе најголемото богатство и истовремено најголемата беда. Тој е бојно поле на непомирливи класни борби. Истовремено, тој е центар на процесите кои влегуваат во рамките на општествената патологија, центар на криминалот, проституцијата, алкохолизмот и другите форми на општествената дисорганизација.

Градот не успева да им ја даде на луѓето онаа блискост во односите која можат да ја остварат во малите заедници, човекот во него е поосамен од било кога порано, но тоа е резултат на општите текови на светскиот општествен развој, една од последиците на кој е и самиот град. Сепак овде човекот може полено да се избори за својата егзистенција, има поголеми услови да преживее отколку во постарите заедници кои му давале повеќе психолошка отколку материјална безбедност. Истовремено, овде му се подостапни сите придобивки на цивилизацијата, кои ги користи во согласност со нивото на своите можности.

На крајот, би могло да се заклучи дека современата локална заедница е целина во која населеното е организирано и поврзано преку економската, политичката, културната, образовната организација и во која истовремено постои иако не во толку голема мера и на така видлив начин и дел од онаа „заедничка вера" која Диркем ја смета за краен услов на општествената целосност.

Најновите истражувања на заедницата сѐ помалку го поставуваат прашањето за нејзиното постоење во условите на современиот живот, а сѐ повеќе укажуваат на потребата од конституирање на социологијата на заедницата како посебна гранка на општата социологија. Ориентирани емпириски, како и постарите, но со настојување на емпириските феномени да им дадат теориско објаснување, современите американски социолози како основна цел си го поставуваат проучувањето на структурата на современата заедница. Се проучува класната структура, при што најголемо внимание им се посветува на средните слоеви како на категорија чија улога во современиот живот станува сѐ подоминантна. Се проучува комплексот на општествените институции во заедницата, нивниот карактер и улогата која ја играат во реализацијата на општествените цели на населението. Со сѐ поголема отвореност се разгледува проблемот на културната, јазична и расната хетерогеност во градот, на односите меѓу населението кое по своите етнички, културни и расни карактеристики претставува доминантна маса меѓу градските жители и оние кои се во малцинство, односно проблемот на етничката и расната сегрегација.

Со интензификацијата на процесите на урбанизацијата и метрополизацијата, со продолжувањето на процесите на доселувањето на остатоците од селското население во градовите, на социјалните психолози им се отворени можностите за проучувањето на психолошките проблеми на човекот кој се доселува во средината во која може да го организира својот живот само на начин кој е квалитативно различен од поранешниот. Многу научници ги анализираат последиците од процесите на масовните комуникации — феномените на масовната култура која го води населението во правецот на конформизмот и безидејноста. На крајот, со сѐ поголем интерес се прочуваат проблемите на политичката организација на модерната заедница, центрите на нејзината моќ и местото на граѓанинот во политичката машинерија на земјата чија демократија сѐ поотворено ги манифестира елементите на својот формален карактер.

**Marija Taševa-Pocevska**

## DEFINITION DER GEMEINSCHAFT IN AMERIKANISCHER SOZIOLOGIE

(Z u s a m m e n f a s s u n g)

Am grösste Zahl der amerikanischer Soziologie schliessen in Rahmen eigener allgemeine teorethische Konzepten auch das Problem der Gemeinschaft bei. Sie gehen aus der populäre Bestimmungen der Gemeinschaft

in eoropeischer soziologischer Gednken aus, vor allen von Tönnies und Durkheim, die sie nicht als keline gesellschaftliche Gruppation betrachten, in der die Menschen eigenes Leben realisieren, trettend in intimmer freundschaftliche — Gesicht zu Gesicht — Beziehungen mit anderer Mittglieder nähe integriert durch die moralischem normative, religiöse Ordnung in der homogener gesellschaftlicher Integrität. Dabei betrifft man die Schwirigkeiten bei der Versuche dieses Konzept mit der gegenwärtigen amerikanischer Bedingungen anzupassen, in der die Stadt, die mit eigener strukturäle Heterogenität diferenziäl von den kleinere stämmliche oder dörfelicher Gemeinschaft abtritt, stellet das Grundmedium des Daseines des modernen Amerikaner dar. Davon auch die Definierung der Gemeinschaft.

Die zahlreiche Bestimungen der Gemeinschaft in Zustimmung mit dem allgemeinen teorethische Zutritt der Autoren sind in einiger Gruppen verteilt:

a) Oekollgische, in der die Betonung auf die, die ographische Mitte gibt, in denen Rahmen die Menscsen verbunden sind, bildend die Gemeinschaft, in der jedoch, neben der oekologische Ordnung auch moralische anwesen ist (Park, Wirth, Zorbourgh).
b) Die Definitionen, die von der Stellungsnahme der allgemeinen Aktion beginnend, untersuchen sie die Gemeinsdchaft von dem Aspekt der Tätigkeit, die die Menschen auf dem Gebiet erledigen, in Rahmen, in der der grösste Teil des Lebens realisieren (Mc Iver, Sutton, Parsons, Sjoberg).
c) Die Definition dder zahlreiche Vetrettern der psyhologische Richtu tung in Soziologie, in der bei der Bestimmungen des Begriffes der Gemeinschaft von dem psyhologischen Element-Affekten, Wünschen, Interesse, moralische Gefühle beginned, durch denen die Menschen in einer einzigartigen moralische Inegrität verbunden sind.
d) Die soziologische Definition, in der zu bestehend ist, die gesamtauffasende Bestimungen des Bergiffes auszugeben, beginnend dabei von der Totalität der Lebensaktivität der Menschen, Sie, auf die territoriale Dimension die psyhologische und die tätigkeitliche zugeben (R. und H. Lund, Warner), Duncan).
e) Die landwirtschatliche-urbanisierte Konteption, in der die Betonung auf die dynamische Cspekten der Gemeinschaft gib.. Diese Autoren (Sorokin, Zimmermann, Redfield, Shnore, Duncan) gehne von der Stellungsnahme aus, dass im aLufe der Geschichte, die mit der rpogressive Entwicklung charakteristiert ist, die Gemeinschaft eigene Form verändert, verläufend von der primitivere und heterogenere in entwickeltere und zusammengesetztere Formen.